**РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ПРЕДАВАЧ ОД ОБЛАСТА НА СМЕТКОВОДСТВО, СМЕТКОВОДСТВЕН МЕНАЏМЕНТ И ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ**

**НА ПВУ-ВСШ „ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА“, СКОПЈЕ**

Со одлука од 20.06.2012 год. донесена на седница на Наставничкиот совет на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија“ Скопје, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на предавач од областа на Сметководство, Сметководствен менаџмент и Финансиски менаџмент.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник Фокус на 02/03.06.2012 год., и во предвидениот рок се пријавија следните кандидат:

- Адријана Булевска, родена 07.05.1986 година во Скопје, дипломиран економист, магистер по финансиски менаџмент. Повеќегодишно работно искуство во сметководство и како предавач на високообразовна установа.
- Далибор Галевски, родена 20.02.1978 во Скопје, дипломиран правник, магистер на економски науки од областа на финансиски менаџмент, работно искуство во стопанствотот и банкарскиот сектор.
- Дарко Димитров, роден 05.12.1978 во Кочани, дипломиран економист, магистер по економски науки од областа на монетарната економија. Работно искуство со проекти во граѓанскиот сектор и како професор во средно образование.

Врз основа на приложената документација и детален увид во истата , на Наставничкиот совет на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија“ Скопје за избор во звањето предавач во областа на Сметководство, Сметководствен менаџмент и Финансиски менаџмент го предлагаме кандидатот м-р Адријана Булевска, за што го поднесуваме следниот

# ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци**

М-р Адријана Булевска е родена на 07.05.1986 година, во Скопје, Република Македонија. Основното образование го стекнала во Скопје, средно училиште завршила во Скопје, а дипломирала на Универзитетот на Шефилд, огранок Солун, Р.Грција во 2007 година на смерот Финансии и сметководство, на студиска програма која се реализирала исклучиво на англиски јазик. Постдипломски студии на насоката Финансиски менаџмент завршила во 2011 година на Европскиот центар за мир и развој, при Универзитетот на Обединети Нации, Белград, Р.Србија,на студиска програма која се реализирала исклучиво на англиски јазик, на тема „Фактори за имплементирање на алтернативни методи на финансирање во мали и средни претпријатија во Р.Македонија“, со што се стекнал со научно звање магистер по финансиски менаџмент.

**Наставна активност**

- Демонстратор по предметите „Основи на сметководство“, „Менаџерско сметководство 1“ и „Менаџерско сметководство 1“ “ на Факултетот за бизнис економија – Скопје (ФБЕ).
- Демонстратор по предметот „Маркетинг и брендинг“ на Висока школа за новинарство и за односи со јавноста – Скопје.

**Професионално искуство**

- Октомври 2011 – во тек – *Приватен Научен Институт за Бизнис Економија-Скопје* – Помлад соработник истражувач
- Јануари 2008 – Септември 2011 - *M&C Скопје* – сметководител
- Септември 2007 – Јануари 2008 – *Адриа Консалтинг Скопје* – сметководител

**Обуки и тренинзи**

Учество во обука за финансиска анализа на мали и средни претпријатија.

Практикант во НЛБ Тутунска банка АД Скопје – сектор за девизно сметководство.

**Трудови**

Еврообврзница за финансирање на јавната потрошувачка во Р. Македонија (во коавторство со проф.др. Благоја Наневски, труд предаден за рецензија и објавување во Списанието за одржлив развој, Скопје)

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Рецензентската комисија по увид во документацијата поднесена со пријавата за распишан конкурс за предавач во областа на Сметководство, Сметководствен менаџмент и Финансиски менаџмент може да констатира дека кандидатот м-р Адријана Булевска ги исполнува формалните услови согласно Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни и соработнички звања на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија“ во Скопје и распишаниот конкурс во весникот Фокус. Рецензенската комисија може да заклучи и дека кандидатот м-р Адријана Булевска го има потребното искуство за избор во звањето предавач, веќе има работно искуство во наставна и високо стручна работа, има учествувано на поголем број научни и стручни собири , со што може да се констатира дека покажува способност за наставно образовна и научно истражувачка активност.

Врз основа на претходно изнесеното, рецензентската комисија му предлага на Наставничкиот совет да го избере кандидатот м-р Адријана Булевска во звање предавач во областа на Сметководство, Сметководствен менаџмент и Финансиски менаџмент.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф.д-р Благоја Наневски, претседател

Проф.д-р Антонија Јосифовска, член

Проф.д-р Весна Стојанова, член